**20111363010**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07- 4029/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМАЊЕ И ПРЕСАДУВАЊЕ НА ДЕЛОВИ ОД ЧОВЕЧКОТО ТЕЛО ЗАРАДИ ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување („Службен весник на Република Македонија” број 47/11), во членот 35 по ставот (8) се додаваат 18 нови става (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20), (21), (22), (23), (24), (25) и (26), кои гласат:

„(9) Одобрението од ставот (1) на овој член министерот за здравство го издава во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член со целокупната документација потребна за издавање на одобрението.

(10) Доколку министерот за здравство не го издаде одобрението, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на одобрението во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на министерот за здравство заради издавање на одобрение од страна на министерот за здравство. Министерот за здравство во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето треба да го издаде одобрението.

(11) Формата и содржината на барањата од ставовите (4) и (10) на овој член ги пропишува министерот за здравство.

(12) Кон барањето од ставот (10) на овој член подносителот на барањето поднесува и копија од барањето од ставот (4) на овој член.

(13) Доколку министерот за здравство не постапи по поднесеното барање во пропишаниот рок од ставот (10) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(14) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (13) на овој член да изврши инспекциски надзор во Министерството за здравство дали е спроведена постапката согласно со закон или друг пропис и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за утврдената состојба.

(15) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува министерот за здравство надлежен за одлучување по барањето, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го одобри или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесената одлука. Кон известувањето се доставува копија од одлуката со која е одлучено по барањето.

(16) Доколку министерот за здравство не одлучи во рокот од ставот (15) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој министерот за здравство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесената одлука. Кон известувањето се доставува копија од одлуката со која одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Доколку министерот за здравство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (16) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(18) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (14) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(19) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (18) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (14) и (15) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (16) и (17) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(20) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (19) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(21) Во случајот од ставот (20) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(22) Во случајот од ставот (21) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(23) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (19) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена против директорот на Државниот управен инспекторат.

(24) Доколку министерот за здравство не одлучи во рокот од ставот (17) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(25) Постапката пред Управниот суд е итна.

(26) Против решението со кое е одбиено барањето за увоз или извоз на ткива, банката на ткива може да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен."

Член 2

Подзаконските акти од членот 1 став (11) од овој закон министерот за здравство ги донесува во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконските акти од ставот 1 на овој член истите веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавуваат на веб страницата на Министерството за здравство.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".